ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-27/10
01.09. 2023 год.
Скопје

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА НА ДОГОВОРЕНА ВРЕДНОСТ

Скопје, септември 2023 година
Усвоени со одлука на Управен одбор број 0202- 27/9 од 01.09.2023 година

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОПРЕМА НА ДОГОВОРЕНА ВРЕДНОСТ

Осигурување по овие Услови можат да склучат правни и физички лица, кои водат уредно пропишано книговодство на основните средства и кои формираат нова вредност и ако се осигуруваат сите предмети што можат да бидат предмет на осигурување во смисла на Условите за осигурување од опасност од пожар и некои други опасности, Условите за осигурување машини од кршење и некои други опасности и Условите за комбинирано осигурување електронски сметачи, процесори и слични уреди.

Член 1

(1) Предметите осигурени по овие Услови, се сметаат за осигурени на вистинска вредност, но најмногу до сумата на осигурување што ја одредил договарачот на осигурувањето, коригирана за промена на цените од инфлаторното влијание во тековната година на осигурувањето до денот на настанувањето на штетата, за секој поединечен предмет (еден или повеќе осигурени предмети), односно за поодделно средство евидентирано во книговодството на основните средства кај осигуреникот.

Ако договарачот на осигурувањето, книговодството на основни средства го води по групи, сумата на осигурувањето за поединечен предмет од групата на средствата се утврдува поединечно.

Промените на цените на осигурените предмети во смисла на овие Услови, се одредуваат врз основа на објавените службени податоци од Заводот за статистика на Република Македонија за промени на цените на производителите на индустриски производи.

(2) Минималната вредност за пресметка на премијата по овие Услови е книговодствената ревалоризирана набавна вредност, по пропишаните коефициенти на ревалоризација на 31.12. од претходната година и формираната нова вредност.

За осигурувањата што скаденцираат по 01.01. односно за новите осигурувања што се заклучуваат во текот на годината, минимална вредност за пресметка на премијата е книговодствената ревалоризирана набавна вредност на 31.12. од претходната година зголемена за коефициентот на промената на цените на производителите на индустриски производи што ги објавува Заводот за статистика на Република Македонија до почетокот на скаденцата, односно до моментот на склучување на новото осигурување.

Минималното процентуално осигурително покритие по овие Услови е 100% на вредностите утврдени во алинеја 1 и 2 од овој став.

(3) Ако договарачот на осигурувањето сака осигурителна заштита на поголема вредност од вредноста утврдена во претходниот став (2), потребно е да го одреди и договори процентуалното зголемување на вредноста на предметите што се осигуруваат по овие Услови.

(4) Ако договарачот на осигурувањето договори поголема вредност на осигурените предметите од минималната вредност од став (2) на овој член, пресметката на премијата се врши со примена на коефициентот на корекција, и тоа:

| **Зголемување на сумата на осигурување** | |
|---|---|
| над минималната вредност од член 1, став (2) | Коефициент на корекција |
| за 100 % | 1,50 |
| за 200 % | 1,95 |
| за 300 % | 2,40 |
| за 400 % | 2,85 |
| за 500 % | 3,60 |

За секое понатамошно зголемување на сумата на осигурување за 100% коефициентот на корекција се зголемува за 0,50 поени.

(5) Доколку правните лица водат прописно книговодство без законска обврска да вршат ревалоризација на основните средства, не можат да заклучат осигурување по овие Услови.
(Претпријатијата во странство, правни лица над кои е отворена постапка за редовна ликвидација, постапка за стечај.)

За групата средства или поединечните средства што не се ревалоризирани на почетокот на осигурителниот период, односно се книговодствено отпишани, а се во употреба, може да се изврши осигурување по овие Услови доколку се изврши законска ревалоризација за периодот за кој не е извршена.

Член 2

Кога ќе настане осигурен случај, се надоместува утврдениот износ на штета според член 1 од овие Услови. Начелото на сразмер, како последица на подосигурување, нема да се применува.

Член 3

(1) Изградените објекти, извршените адаптации и доградби, набавената опрема и уреди во текот на годината, односно во текот на периодот на осигурување, опфатени се со осигурување и се сметаат за осигурени на вредност според член 1 од овие Услови, доколку ризикот преминал на осигуреникот.

Изградените нови капацитети се преземаат во осигурително покритие од денот кога договарачот на осигурувањето поднел писмена пријава до осигурителот.

(2) Предметите од став (1) на овој член што се изградени или набавени во претходниот период на осигурување, а не се прикажани во основни средства, не се осигурени по овие Услови за осигурување.

Член 4

(1) За осигурувањата заклучени по овие Услови, пресметка на премијата од осигурувањето се врши на почетокот на осигурителниот период и месечно, по пропишаниот про рата темпорис, до истек на пресметковниот период на осигурувањето.

(2) За пресметката на премијата на почетокот на периодот на осигурувањето се зема минималната вредност во смисла на член 1 став 2 помножена со коефициентот за корекција со кој е одредено зголемувањето на вредноста над минималната вредност во смисла на член 1 став 2 од овие Услови.

(3) Кај месечната пресметка на премијата за осигурување, се пресметува

разликата на премијата поради промена на цената на производителите на индустриски производи.

Месечната пресметка на премијата се врши на премијата утврдена на начин од ставот 2 од овој член.

1. Пресметката на разликата на премијата со промената на цената на осигурените предмети, се одредува врз основа на објавените службени податоци за претходниот месец.

Разликата на премијата се пресметува од набљудуваниот месец до истекот на осигурувањето и една половина од таа разлика во набљудуваниот месец.

(4) Пресметката на премија за новоизградените објекти и новите капацитети се врши од моментот на преземање во осигурителното покритие до истекот на осигурувањето на начинот предвиден во ставовите 1, 2 и 3 од член 4 на овие Услови.

(5) За осигурувањата заклучени по овие Услови, се врши конечна пресметка по истекот на периодот на осигурување само за новонабавените или отуѓените средства, освен за новоизградените објекти и нови капацитети од член 3 став 1 од овие Услови.

(6) На разликата на вредноста на средствата од став 5 помеѓу состојбата на почетокот и на крајот на годината се пресметува 50% од премијата за осигурување и се задолжува осигуреникот или одобрува, во зависност од позитивната или од негативната разлика.

Член 5

Договарачот на осигурувањето е должен на осигурителот да му ги стави на располагање сите потребни податоци за вредноста на имотот (основни средства) од книговодствената евиденција, кои се осигурени во смисла на член 1 од овие Услови, и тоа книговодствената ревалоризирана набавна вредност со состојба на 31.12. од претходната година, веднаш по предавањето на Годишната сметка во Централниот регистар на Република Македонија, а најдоцна во рок од 60 дена.

Член 6

На осигурувањата заклучени по овие Услови за осигурување, се применуваат Општите услови за осигурување на имоти и другите Услови споменати во преамбулата на овие Услови, доколку не се во спротивност со одредбите на овие Услови за осигурување.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Член 8
Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Член 9
Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Член 10
Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 11
Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

Член 12
Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

Член 13
Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

Член 14
Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

Член 15
Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР

Елизабета Божиновска

Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје